Врз основа на член 37, став 2 од Законот за метрологија („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/02), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 13.05.2008 година, донесе

# О Д Л У К А

## за изменување и дополнување на Одлуката за висината и начинот на наплатување на надоместокот за услугите што ги врши Бирото за метрологија и овластеното правно лице

### Член 1

Во Одлуката за висината и начинот на наплатување на надоместокот за услугите што ги врши Бирото за метрологија и овластеното правно лице („Службен весник на Република Македонија“ бр.51/04), во член 3, став 2, процентот „0,3%“ се заменува со процентот „0,2%“.
Во став 3 процентот „10%“ се заменува со процентот „5%“, а по зборовите „последната просечна плата“, се додаваат зборовите „за претходната година“.

### Член 2

Во член 6 зборовите „за потрошеното време на своите работници при верификација на мерилата се наплатува надоместок по потрошен работен час на работниците кои ја вршат услугата, при што“, се бришат.

### Член 3

Во член 8, зборовите „за потрошеното време на своите работници при верификација на мерилата се наплатува надоместок по потрошен работен час, а“ се бришат, а процентот „30%“ се заменува со процентот „50%“.

### Член 4

Во Тарифата за надоместок за услугите на Бирото за метрологија и овластеното правно лице, во Глава III, по точката 8 се додава нова точка 9 која гласи:

| | |
|---|---|
| „9. За мерилата кои чинат мерна целина од две и повеќе мерила, кои подлежат на верификација, надоместокот се намалува за 50% од висината на надоместокот предвиден за верификација на секое мерило одделно.“ | Шифра 80750 |

### Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**Бр.19-2611/1**
**13 мај 2008 година**
**Скопје**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Зоран Ставрески**

бц/